# Прес-конференција на Директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој Тони Димовски и Заменик-министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Зоран Коњановски



Во просториите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на ден 15.12.2013 година , директорот Тони Димовски и Заменик-министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Зоран Коњановски одржаа прес-конференција во врска со објавените јавни повици за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година за помош на маркетинг на земјоделски производи и преработени земјоделски производи, инвестиции за модернизација на земјоделските стопанства , инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските производи, како и најава за објавување на следниот јавен повик кој ќе опфати кофинансирање на платите на лицата вработени во сточарството.